


Серија 3, Број 15

октомври 2022

# ВЕСТИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

ЗА И ВО ВРСКА СО БАЛКАНОТ

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ

**Вести и информации во врска со борбата против тероризмот - 1**

**Во Северна Македонија, на црна листа се ставени 15 СТБ поради финансирање тероризам, вршење регрутација и пропаганда - 2**

**Германија изврши репатријација на 12 свои државјани од кампот Роџ во Сирија - 2**

**Експертите на ОН предупредуваат за нови закани поврзани со финансирањето тероризам - 2**

**Извештаи на УЦВ за репатрирани странски терористички борци на Западниот Балкан – 3**

Overseas Prosecutorial
Development, Assistance, and Training

## Вести за борбата против тероризмот и ажурирање на информациите и поврзување на нашите партнери во регионот

***Министерство за правда на САД,***
***Канцеларија за развој, помош и обука на обвинителствата во странските држави (ОПДАТ) во партнерство со Бирото за борба против тероризам при МНР на САД***

Во месец септември, Северна Македонија воведе финансиски ограничувања за 15 нејзини државјани, поради нивната поддршка за ИСИС. Исто така, во септември, група експерти на Обединетите нации се состана, за да разговара за експлоатацијата на новите технологии во финансискиот сектор, од страна на терористите. Во месец октомври, Германија врати 12 нејзини граѓани поврзани со ИСИС од Сирија, а еден американски универзитет, објави студија во врска со трендовите во казнената политика и безбедносните прашања поврзани со странските терористички борци кои се враќаат во земјите на Западниот Балкан.

Том Саундерс
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
SaundersTN@state.gov

Јасенка Феризовиќ
Правен советник
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
FerizovicJ@state.gov

Бледар Башановиќ
Правен специјалист
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BashanoviqB@state.gov

# Во Северна Македонија, на црна листа се ставени 15 СТБ поради финансирање тероризам, вршење регрутација и пропаганда

На 19 септември, Северна Македонија воведе финансиски ограничувања за 15 странски терористички борци,  лица задолжени за вршење регрутација и финансиери. Ограничувањата сериозно ја ограничуваат способноста на овие лица за користење и пренесување на сопственоста врз нивниот имот или за вклучување во различни деловни активности. Ограничувањата се воведени на неодредено време.

Поконкретно, на црна листа во Северна Македонија се ставени овие лица:

1. Фадиљ Рустеми - за регрутирање и финансирање патувања на странски терористички борци во Сирија и за учество во активности на ИСИС во периодот од 2015 до 2016 година;
2. Азим Љатифи - за финансирање патувања на странски терористички борци во Сирија и за криење на сторители на терористички дела;
3. Амир Исмаили - за учество во активности на ИСИС;
4. Орхан Рамадани - за учество во активности на ИСИС и ширење пропаганда за тероризам на социјалните мрежи;
5. Орхан Дерала - за членство во ИСИС, регрутирање странски терористички борци од Северна Македонија и пропагирање пропаганда на ИСИС на социјалните мрежи;
6. Фитим Рамадани - за членство во ИСИС и ширење пропаганда на ИСИС на социјалните мрежи;
7. Бесим Шаќири - за учество во активности на ИСИС;
8. Садула Жупани - за членство во ИСИС и ширење пропаганда на ИСИС;
9. Елмир Авмедоски - за членство во ИСИС и ширење пропаганда на ИСИС;
10. Емир Исени - за членство во ИСИС и ширење пропаганда на ИСИС;
11. Јетмир Исмаили - за членство во ИСИС и ширење пропаганда на ИСИС;
12. Адем Камбери - за учество во активности на ИСИС;
13. Нусрет Аметов - за учество во активности на ИСИС;
14. Абдурахман Беља - за учество во активности на ИСИС; и
15. Сулејман Идризи - за учество во активности на ИСИС.

**Извор:** Службен Весник на Република Северна Македонија

## Германија изврши репатријација на 12 свои државјани од кампот Роџ во Сирија

Во октомври, Германија изврши репатријација на 12 свои граѓани поврзани со ИСИС, од кампот Роџ во североисточна Сирија. Во групата повратници имало четири жени, седум деца и еден млад човек, кој бил однесен во Сирија кога имал 11 години. Германската Министерка за надворешни работи, Аналена Баербок, изјави дека, како резултат на оваа и другите репатријации од минатото, Германија сега ги има вратено дома речиси сите свои државјани, кои биле затворени во сириските кампови. Сепак, неколку жени се останати таму, затоа што истите одбиле да се вратат во Германија. По пристигнувањето во Германија, петтемина репатрирани возрасни лица биле приведени и според Министерката Баербок, тие ќе мораат да „одговараат за нивните наводни постапки" пред германските судови.

Досега, Германија спроведе шест операции за репатријација и врати вкупно 26 жени и 76 деца од сириските кампови. Мнозинството од вратените жени беа кривично гонети и осудени од германските судови за кривични дела поврзани со тероризам, како и за други кривични дела, врз основа на важечките национални закони и меѓународното право.

**Извори:** Германија изврши репатријација на 12 државјани од Сирија, поврзани со Исламската држава

Во Германија се вратија 12 државјани од џихадистичките кампови во Сирија

## Експертите на ОН предупредуваат за нови закани поврзани со финансирањето тероризам

Терористите го користат интернетот, социјалните медиуми и технологијата веќе најмалку 20 години, за да ги остварат своите цели - вклучително и да шират пропаганда, да регрутираат нови членови и да ги радикализираат идните напаѓачи. Сега, експертите собрани од Обединетите нации, предупредуваат дека терористите ги злоупотребуваат новите технологии и технологиите во развој, за да го злоупотребат секторот на финансиски услуги, што ја комплицира борбата против финансирањето на тероризмот.

Во месец септември се сретнаа повеќе од 20 експерти, за да разговараат за начинот на кој терористите ги искористуваат новите и технологиите во развој. Овие состаноци беа предводени од Извршниот директорат на Комитетот за борба против тероризмот на Обединетите нации (CTED). На едно место се собраа експерти од меѓународните и регионалните организации, националните органи, граѓанското општество, академската заедница и приватниот сектор.

Во текот на состаноците предводени од CTED, експертите се фокусираа на две главни идеи. Тие ги идентификуваа светските и регионалните трендови, за начинот на кој терористите ги користат новите технологии за плаќање и методите за собирање

финансиски средства. Исто така, тие истражуваа на кој начин, новите технологии би можеле да ги подобрат напорите за борба против финансирање тероризам.

Технологиите во развој можат да се користат за да се бараат донации за терористички организации, да се продаваат различни производи онлајн, при што профитот би завршил кај терористичките мрежи и на масовен начин да се собираат финансиски средства за групи, кои се претставуваат како добротворни или хуманитарни организации, а всушност служат за прикривање на терористичките групи. За поддршка на овие активности, терористите користат мобилни системи за плаќање и криптовалути, како што е на пример Биткоинот. CTED предупредува дека спроведувањето на мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам станува сѐ поголем предизвик, поради порастот на децентрализираните финансии (DeFi), незаменливите токени (NFT) и нехостираните паричници за криптовалути.

За справување со оваа закана, државите мора да усвојат соодветни финансиски закони и прописи, кои ги опфаќаат овие активности. Покрај тоа, органите за спроведување на законот, обвинителите и судиите, мора да се едуцираат за овие нови трендови. Тие мора да имаат доволно разбирање за новите технологии, така што да бидат способни, ефективно да ги идентификуваат и спречат криминалните активности во овој сектор.

Експертите предводени од CTED, советуваат дека владините службеници треба да воспостават цврсти јавно-приватни партнерства, вклучително и „дијалог помеѓу единиците за финансиско разузнавање и релевантниот сектор за финансиска технологија, во врска со… известувањето за сомнителни активности“.

Од една страна, новите технологии создаваат ризици, меѓутоа, тие исто така имаат потенцијал да ги направат мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам „побрзи, поевтини и поефикасни“. За да го реализираат таквиот потенцијал, владините претставници мора да преземат иницијатива и да ја искористат моќта на најновите финансиски технологии.

**Извор:** Технички сесии на CTED: Посочување на “Заканите и можностите поврзани со новите технологии за плаќање и методи за собирање финансиски средства” Совет за безбедност – Комитет за борба против тероризмот (CTC)

## Извештаи на УЏВ за репатрирани странски терористички борци на Западниот Балкан

Во месец септември, во рамки на Програмата за екстремизам при Универзитетот Џорџ Вашингтон беше објавен извештај, во кој се анализира репатријацијата на машки странски терористички борци во Босна и Херцеговина, Косово и Северна Македонија. Во извештајот се говори за трендовите во кривичното гонење и санкционирањето на странските терористички борци во овие земји, како и за предизвиците и прашањата поврзани со политиките за справување со безбедносните ризици поврзани со репатрираните странски терористички борци, во рамки на казнено поправниот систем, но и по нивното пуштање на слобода.

Според извештајот, во периодот од месец август 2018 година до јуни 2022 година, овие три земји од Западен Балкан вратиле вкупно 31 мажи, поврзани со ИСИС, кои претходно биле заробени од страна на курдските сили во Сирија. Најмалку 24 од нив се успешно гонети според законите со кои се инкриминира пристапувањето кон терористички организации и патувањето во странство за терористички цели.

Северна Македонија, која беше првата европска земја што јавно префрли одредени странски терористички борци од Сирија, изврши репатријација на 11 возрасни мажи, странски терористички борци. Според извештајот, најмалку седум од нив се веќе осудени во судовите низ Северна Македонија, а против останатите се подигнати соодветни обвиненија. Изречените казни во овие случаи се движат од шест години до девет години, со просечна затворска казна од 6,4 години.

Косово врати 12 странски терористички борци. Според извештајот, најмалку 10 од нив се осудени, а двајца се под истрага. Осудените странски терористички борци во Косово беа осудени на затворски казни од три до шест години, со просечна казна од четири години. БиХ врати осум странски терористички борци, при што, сите беа кривично гонети и осудени. Казните во овие случаи се движеа од една до шест години, со просечна затворска казна од 3,4 години.

Во извештајот се посочува дека затворските казни изречени на осудените странски терористички борци во овие три земји од Западен Балкан, се значително пониски од казните изречени за слични дела во земјите на Европската унија или во Соединетите држави, каде просечните затворски казни за овие дела се 9 и 13,1 години. Сепак, исто така, се забележува дека изречените казни за репатрираните странски терористички борци се сепак подолги од оние изречени за други активности и дела поврзани со ИСИС.

Казните во БиХ и Косово и понатаму остануваат многу блиску до законски предвидените минимални казни. Извештајот посочува дека оваа попустливост е невообичаена, имајќи предвид дека репатрираните странски терористички борци се бореле со ИСИС многу подолго време и на тој начин покажале „поцврста посветеност на каузата на организацијата“, за разлика од другите поединци, кои доброволно се вратиле во текот на изминатите години. Понатаму, тие често патувале во Сирија „со предумисла и како дел од група на истомисленици или во координација со џихадистичките мрежи, кои се активни помеѓу Западниот Балкан и Сирија“, што е уште еден показател за нивната решителност и намера. Во овој поглед, во извештајот се наведува дека властите треба повторно да го проценат и прилагодат опсегот на кривичните санкции, односно затворски казни, пред да се случат дополнителни репатријации во иднина.

Според извештајот, затворените странски терористички борци претставуваат висок ризик за безбедноста во затворите, и покрај нивниот мал број, поради нивните врски со терористичките мрежи и нивното искуство од бојните полиња. Затоа, земјите треба да инвестираат повеќе ресурси во развивањето алатки за проценка на ризикот засновани врз докази, како и ефективна стратегија за управување со ризикот, за да се спречи радикализацијата во затворите и регрутација на останатите затвореници. Имајќи предвид дека поголемиот дел од странските терористички борци ќе бидат ослободени од затвор меѓу 2023 и 2025 година, извештајот советува дека властите треба „да ги зајакнат напорите за дерадикализација и рехабилитација во затворите и да спроведат дополнителна проценка на ризик и да развијат алатки за управување со истиот, како подготовка за нивното враќање назад во општеството.“

**Извор:** А. Штуни  Западен Балкан: Репатрирани странски терористички борци, трендови во казнената политика и прашања поврзани со безбедноста